# УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

# GEONISTIN/ГЕОНИСТИН вагинални таблети (oxytetracycline, nystatin)

**Пред употребата на лекот внимателно прочитајте го упатството.**

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Во колку некое несакано дејство стане серизоно, или забележите некое несакано дејство кое не е наведено во ова упатство, информирајте го Вашиот доктор или фармацевт

**Упатството содржи:**

1. *Што претставуваат ГЕОНИСТИН вагинални таблети и за што се употребуваат*
2. *Што мора да знаете, пред да употребите ГЕОНИСТИН вагинални таблети*
3. *Како да се употребуваат ГЕОНИСТИН вагинални таблети*
4. *Можни несакани дејства*
5. *Чување и рок на употреба на ГЕОНИСТИН вагинални таблети*
6. *Дополнителни информации*

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВААТ ГЕОНИСТИН ВАГИНАЛНИ ТАБЛЕТИ И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВААТ

ГЕОНИСТИН вагинални таблети се користат за локално лекување на инфекции на вагината, вулвата и грлото на матката предизвикани од габичката *Candida albicans* и други габички и бактерии чувствителни на нистатин и окситетрациклин (активни супстанции на ГЕОНИСТИН вагинални таблети).

ГЕОНИСТИН вагинални таблети исто така се користат за да се спречат инфекции на вагината, вулвата и грлото на матката по гинеколошка интервенција (на пример, каутеризација), и да се спречат дополнителни габични инфекции кај веќе постоечки бактериски воспаленија на слузницата на вагината.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ ГЕОНИСТИН ВАГИНАЛНИ ТАБЛЕТИ

**Кога не смеете да употребувате ГЕОНИСТИН вагинални таблети:**

- ако сте алергични (преосетливи) на некоја од активните супстанции на лекот (нистатин и/или окситетрациклин) или било која друга состојка на лекот (наведени во дел 6).

**Мерки на претпазливост и предупредувања**

Консултирајте го Вашиот лекар или фармацевт пред да употребувате ГЕОНИСТИН вагинални таблети.

-Лекувањето не смее да се прекинува во тек на менструација.

-Ако се појави локална иритација на слузницата што не постоела пред лекувањето, се препорачува да се прекине лекувањето.

- За време на лекувањето, мора да се придржувате до хигиенските мерки, да се воздржите од сексуални односи или да користите кондом за да се избегне инфекција на партнерот или повторна инфекција.
- Партнерот во исто време треба да се лекува со некоја од анти-габичните креми, за негова и Ваша заштита (можна повторна инфекција).

**Употреба на други лекови со ГЕОНИСТИН вагинални таблети!**
*Секогаш, известете го Вашиот доктор или фармацевт ако земате или неодамна сте земале било кој друг лек, вклучувајќи ги и лековите кои се издаваат без лекарски рецепт.*
Досега, не се познати интеракции (меѓусебно влијание) помеѓу Geonistin вагинална таблета и други лекови.

**Бременост, доење, плодност**
*Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете каков било лек во колку сте бремени или доите, мислите дека сте бремени или сакате да забремените.*

Во тек на бременост и доење не се забележани штетни влијанија на Geonistin вагиналните таблети. Меѓутоа во тек на бременоста Geonistin вагиналните таблети се применуваат само ако тоа Ви го посоветувал Вашиот лекар.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА ГЕОНИСТИН вагинални таблети

*Секогаш употребувајте ГЕОНИСТИН вагинални таблети според упатствата на Вашиот лекар или фармацевт. Доколку не сте сигурни повторно проверете со Вашиот лекар или фармацевт.*

Секоја вечер вагиналната таблета треба да се навлажни со вода и да се стави што е можно подлабоко во вагината.
Третманот обично трае 6 последователни дена, а доколку е потребно, може да се продолжи на 12 дена.

**Ако престанете да употребувате ГЕОНИСТИН вагинални таблети**

Ако имате дополнителни прашања или нешто не Ви е јасно во врска со употребата на овој лек, посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите лекови и ГЕОНИСТИН вагинални таблети може да предизвикаат несакани дејства, иако истите не се јавуваат кај сите пациенти.*

При примена на овој лек забележани се следниве несакани дејства:
**Многу ретки** (се јавуваат кај помалку од 1 на 10 000 лица кои го употребуваат овој лек)
- иритација на вагиналната слузница

*Во колку некое несакано дејство стане сериозно, или забележите несакано дејство кое не е опишано во ова упатство, информирајте го Вашиот доктор или фармацевт.*

## 5. ЧУВАЊЕ НА ГЕОНИСТИН вагинални таблети?

Лекот да се чува на температура до 25$^0$C.
**Лекот да се чува на места недостапни за деца.**

***Рок на употреба***
Да не се употребува по изминувањето на рокот на употреба означен на пакувањето.
Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од наведениот месец.

Лековите не треба да се фрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

## 6. ДОДАТНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржат ГЕОНИСТИН вагинални таблети**
Активни супстанции на ГЕОНИСТИН вагинални таблети се окситетрациклин и нистатин.

Една ГЕОНИСТИН вагинална таблета содржи 100 mg окситетрациклин (во облик на окситетрациклин хидрохлорид) и 100 000 IU (интернационални единици) нистатин.

*Помошни супстанции:*
лактоза хидрат; пченкарен скроб; хидроксипропилцелулоза; декстрин; растително масло, хидрогенирано, тип I; микрокристална целулоза; натриум стеарилфумарат; хипромелоза; кроскармелоза.

**Како изгледа и што содржи пакувањето во ГЕОНИСТИН вагинални таблети**
Слабо жолти вагинални таблети обележани со PLIVA на едната страна.
ГЕОНИСТИН вагиналните таблети се достапни во пакување од 6 (2 x 3) вагинални таблети, во блистер, во кутија.

**Производител**
PLIVA HRVATSKA d.o.o.
Prilaz baruna Filipovića 25 10000 Загреб, Р.Хрватска

**Носител на одобрение за ставање на лек во промет**
ПЛИВА ДООЕЛ Скопје
Ул.Никола Парапунов бб 1000 Скопје Р. Македонија

**Начин на издавање**
Лекот може да се издава само на лекарски рецепт (Р)

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
Мај 2014година

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет**